20252584980

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 17 декември 2025 година.

Бр. 08-7173/1
17 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Член 1

Во Законот за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Северна Македонија” број 241/24), во член 1 по ставот 3 се додаваат четири нови става 4, 5, 6 и 7, кои гласат:

„Доколку во текот на реализацијата на утврдените проекти од јавен интерес предвидени согласно со одлуката од ставот 3 на овој член, се појави разлика меѓу потребниот и предвидениот износ на средствата за нивна реализација, истата, со цел целосна реализација на предвидените проекти од јавен интерес, ќе ја покрие концедентот, во вредност не повеќе од 20% од цената на вредноста на проектот утврдена со одлуката од ставот 3 на овој член.

Потребните средства од ставот 4 на овој член за реализација на проектот од јавен интерес се обезбедуваат од концесискиот надоместок кој го плаќа концесионерот за доделената концесија, врз основа на извештај за реализација со придружна документација, доставени од правното лице определено за реализација на проектот согласно со одлуката од ставот 3 на овој член, потврдени со завршен извештај од страна на надзорот согласно со прописите од областа на градењето.

По исклучок на членот 41 став 7 од овој закон во случаите од ставовите 4 и 5 на овој член, Владата на Република Северна Македонија по претходно обезбедена согласност од концесионерот, може да донесе одлука за склучување на анекс на договорот за концесија, за начинот на обезбедување на средствата од ставовите 4 и 5 на овој член со цел целосна реализација на предвидените проекти од јавен интерес.

Во одлуката од ставот 6 на овој член се утврдува начинот на обезбедување на средствата од ставовите 4 и 5 на овој член, динамиката и начинот на нивната исплата, согласно со договорот за концесија и анексот на договорот за концесија склучен согласно со ставот 1 на овој член.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.